# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ/ СКРИПТА „МЕТОДИКА НА НАРОДНИ ОРА“ ОД ДОЦ. М-Р ВЛАДИМИР ЈАНЕВСКИ, МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварувања на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката број 1902-91/18 од редовната седница на Наставно-научниот совет на Музичката академија, одржана на 2 јули 2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
- м-р Валентина Велковска-Трајановска, професор на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,

за рецензија на приложениот ракопис за издавање на учебно помагало/скрипта **„Методика на народни ора“** од **доц. м-р Владимир Јаневски** по предметот Методика на настава по народни ора 1, наменет за студентите на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот за учебното помагало/скрипта **„Методика на народни ора“** од авторот доц. м-р Владимир Јаневски е компатибилен со Наставниот план и содржините на предметот Методика на настава по народни ора 1, што се изучува на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, за студентите на прв циклус студии на Катедрата по етнокореологија во VII семестар, со неделен фонд 2+2+2. Предметот согласно со наставните програми се вреднува со 6 кредити. Приложениот ракопис е работен компјутерски, а текстот е дополнет со повеќе примери, шеми, кинетограми, мелограми кои соодветно го илустрираат материјалот поврзан со проблемите и аспектите на техниките за формирање на профилот етнокореолог.

Доставениот текст потполно е подготвен во согласност со пропишаната Наставна програма за горенаведениот предмет и според барањата кои се поставуваат пред студентите во рамки на предметот, а се однесуваат на теоретската реализација на споменатата Програма. Истовремено, одговара и на одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Приложениот ракопис е концизно учебно помагало, кое ги опфаќа во целост играорните аспекти, техники и методи кои се главна цел на изучување на предметот Методика на настава по народни ора. Ракописот кој е приложен за рецензија е со А4 формат, фонт 12, напишан во Arial со македонска поддршка и има внесено деветнаесет примери на форми во играорниот репертоар, три примери на форми за играорните обрасци, како и кинетограмски примери за одредени играорни обрасци.

Предметната материја во која се обработени основите на методиката на народните ора е систематизирана во шест дела:

1. МЕТОДИКА НА НАРОДНИ ОРА;
2. ФОРМИ И ОБЛИЦИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ИГРАОРЕН РЕПЕРТОАР;
3. ФОРМИ ВО МАКЕДОНСКИТЕ ИГРАОРНИ ОБРАСЦИ;
4. ГЛАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИГРАОРНИТЕ ПОДРАЧЈА;
5. ТЕХНИКИ И МЕТОДИ ПРИ ЕТНОКОРЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА;
6. *ПОДГОТОВКА НА СЦЕНСКА АДАПТАЦИЈА.*

Покрај шесте дела авторот во почетниот дел има *вовед,* кој студентите ќе ги запознае со материјалот во скриптата, а исто така во скриптата се поставени и *заклучок* и *резиме* на англиски јазик. За оваа скрипта посебно е значаен и изборот на литература, која содржи шеесет и една литература единица.

Првиот дел ги опфаќа основните делови на методиката, поточно: *имиња на ората, облик на ората, правец на движење, украси на раце, украси на нозе, држење на раце, чекори – стапки, позиции на тело, координатни точки, комбинации и техники.*

Во вториот дел авторот ги објаснува формите и облиците во играорниот репертоар, поточно преку деветнаесет шематски прикази можат да се следат формите кои се сретнуваат во македонската традиционална играорна култура.

Во третиот дел се обработени формите во играорните обрасци, почнувајќи од наједноставните до најсложените форми. Авторот за полесно и попрепознатливо согледување формите ги претставува со А+А (наједноставни форми), А+Б (помалку сложени форми) и А+Б+Ц...(сложени играорни форми).

Во четвртиот дел од оваа скрипта се претставени играорните подрачја во Македонија и тоа: *Западно играорно подрачје, Југозападно играорно подрачје, Јужно играорно подрачје, Источно играорно подрачје и Северното играорно подрачје.*

Во петтиот дел се опфатени техниките и методите при етнокореолошките истражувања: *Теми и водич за етнокореолошко теренско истражување, Потребни информации за етнокореолошко евидентирање,* а исто така е направен и *Пример за етнокореолошко евидентирање.*

Во шестиот дел сеопфатно е направена функционална структура на *Подготовка на сценска адаптација* во која студентите ќе можат да следат и *Детална подреденост на точките за реализација.*

Предложениот ракопис претставува извонредна основа за подготовка на студентите на Музичката академија за одговор на теориските и практичните барања на предметот Методика на настава по народни ора 1. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на скрипта, пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Рецензентската комисија предлага ракописот за учебно помагало/скрипта со наслов „Методика на народни ора“ од авторот доц. м-р Владимир Јаневски да биде објавена како скрипта за потребите на студентите на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, с.р.**
**Проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска, с.р.**